Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, за интервенција врз зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 10 дрва (гледичи) кои се наоѓаат на **ул. Георги Димитров, Општина Кисела Вода – Скопје**
2. Сечењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 15 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 10 дрва постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата кои се самоникнати стебла, кои пречат за изведба на градежни работи на ул. Георги Димитров, каде се врши реконструкција на улична мрежа согласно Правосилно одобрение за реконструкција УП бр. 13-32 од 15.03.2023 год. издадено од Општина Кисела Вода.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 1 од наведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата се самоникнати, кои пречат за изведба на градежни работи на улица и се во состојба што треба да се исечат и при тоа е одлучено наместо исечените дрва да се засадат нови садници на парцела каде што е извршено сечењето.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**10.11.2025** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT